**ЗАПИСНИК**
**од 26-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги одржана на 14.08.2023 година**

**Присутни членови на Советот на Агенцијата преку видео конференциска врска:** Лазо Петрушевски претседател на Советот на АААМУ, Селвер Ајдини заменик на претседател на Советот на АААМУ, м-р Алма Машовиќ, д-р Методија Јанчески, Лазар Трајчев, Зоран Фиданоски.

**Отсутни членови на Советот на Агенцијата: /**

**На седницата преку видео конференциска врска беше присутен д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.**

**Присутни од Стручната служба преку видео конференциска врска:** м-р Драгица Љубевска, м-р Емилија Јаневска, м-р Ивона Муфишева, Горан Радуновиќ, м-р Луција Ѓурковиќ, м-р Арбен Саити, м-р Ружица Бошнакоска Јотевска, д-р Ивана Стојановска.

**Други присутни: /**

Г-дин Петрушевски ја отвори 26-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Седницата започна во 13:05 часот и се одржа преку видео конференциска врска.

Г-дин Петрушевски најави дека насловот на Точка 4 ќе се измени поради тоа што радиодифузерот го платил годишниот надоместок за дозволата и ќе гласи: Предлог-решение за запирање на покрената постапка за одземање на дозволата за радио емитување на ТРД БАЛКАН ФМ РАДИО ДООЕЛ Гостивар.

Советот на Агенцијата едногласно, со 6 гласа „за, го усвои следниот:

## ДНЕВЕН РЕД

1. Усвојување на Предлог-записник од 4-та Јавна седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 01.08.2023 година.
2. Усвојување на Предлог-записник од 25-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 01.08.2023 година.
3. Предлог-одлука за продолжување на дозволите за телевизиско или радио емитување, чијашто важност истекува заклучно со 31 декември 2024 година.
4. Предлог-одлука за давање согласност на ТРД ЈОН-РАДИО ДОО Струга за промена или дополнување на повеќе од 20% од програмскиот концепт од дозволата за радио емитување.

5. Предлог за поведување прекршочна постапка против ТРД ТЕЛЕВИЗИЈА МАКПЕТРОЛ ДООЕЛ Скопје за прекршување на член 55 став 2 алинеи 2, 3 и 4 од ЗААВМУ.
6. Предлог-решение за бришење од регистарот на радиодифузери на Трговското радиодифузно друштво телевизија ИРИС ДОО Штип.
7. Предлог за давање одобрување за спроведување на постапка за јавна набавка – услуга: Одржување Денови на медиумска писменост 2023.
8. Предлог за давање одобрување за спроведување на постапка за јавна набавка – стока: Канцелариски материјали.
9. Предлог за давање одобрување за спроведување на постапка за јавна набавка – услуга: Одржување и сервисирање на лифтови и платформа.
10. Предлог за давање одобрување за спроведување на постапка за јавна набавка – услуга: Одржување на дополнителниот модул на постојно апликативно решение „Систем за електронски регистар на јавни комуникациски мрежи“.
11. Предлог за давање одобрување за донесување на одлука за набавка на услуга со проценета вредност под вредносни прагови за примена на Законот за јавни набавки.
12. Предлог-правилник за изменување на Правилникот за бруто плата и други надоместоци на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.
13. Разно.

**Точка 1**

Советот на Агенцијата го разгледа и едногласно го усвои предложениот Записник од 4-та Јавна седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 01.08.2023 година, со текст како што беше предложен.

**Точка 2**

Советот на Агенцијата го разгледа и едногласно го усвои предложениот Записник од 25-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 01.08.2023 година, со текст како што беше предложен

**Точка 3**

Г-дин Трајчевски ја образложи Предлог–одлуката за продолжување на дозволите за телевизиско или радио емитување, чија што важност истекува заклучно со 31 декември 2024 година. Објасни дека со последните измени на ЗААВМУ е предвидено продолжување на дозволите за телевизиско или радио емитување на сите радиодифузери на кои што им истекува важноста на дозволата до крајот на 2024 година. Станува збор за 90 радиодифузери, кои што во материјалот се поединечно наведени со крајниот датум на истекување на дозволата и тригодишното продолжување. Во предлогот е наведено дека сите радиодифузери ќе бидат известени за донесената одлука од страна на Советот, но ќе се надополни со тоа што на секој радиодифузер

поединечно ќе му биде издадена нова дозвола со новиот датум на важност почнувајќи од датумот на кој што им истекува дозволата. Објасни дека на најголемиот број радиодифузери важноста им истекува на 5 јануари, но има и радиодифузери на кој што во други месеци од годината им истекува дозволата.

Г-дин Петрушевски рече, како што и објаснил директорот, оваа Одлука е директна последица на законските измени а кои што Советот само ги спроведува.

Советот на Агенцијата едногласно донесе Одлука за продолжување на дозволите за телевизиско или радиоемитување на 90 (деведесет) радиодифузери, чијашто важност од девет години истекува заклучно со 31 декември 2024 година, за период од дополнителни три години од денот на истекот на дозволата, и тоа:

1.1. **На државно ниво** (за подрачје на целата територија на Република Северна Македонија)

**1.1.1 Дозволите за телевизиско емитување на државно ниво преку преносен капацитет на дигитален терестријален мултиплекс, и тоа:**

1. Дозвола, Уп1 бр.08-1 од 05.01.2015г. на Трговското радиодифузно друштво АЛФА ТВ ДООЕЛ Скопје, со важност на дозвола до 04.01.2024г.
2. Дозвола, Уп1 бр.08-2 од 05.01.2015г. на Трговското радиодифузно друштво АЛСАТ-М ДОО Скопје, со важност на дозвола до 04.01.2024г.
3. Дозвола, Уп1 бр.08-3 од 05.01.2015г. на Трговското радиодифузно друштво КАНАЛ 5 ДООЕЛ Скопје, со важност на дозвола до 04.01.2024г.
4. Дозвола, Уп1 бр.08-4 од 05.01.2015г. на Трговското радиодифузно друштво Телевизија СИТЕЛ ДООЕЛ Скопје, со важност на дозвола до 04.01.2024г.
5. Дозвола, Уп1 бр.08-5 од 05.01.2015г. на Трговското радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА МАКПЕТРОЛ ДООЕЛ Скопје, со важност на дозвола до 04.01.2024г.

**1.1.2 Дозволите за телевизиско емитување на државно ниво, преку јавна електронска комуникациска мрежа што не користи ограничен ресурс, и тоа:**

6. Дозвола, Уп1 бр.08-737 од 14.04.2015г. на Трговското Радиодифузно Друштво КОМПАНИ 21-М ДООЕЛ Скопје, со важност на дозвола до 29.03.2024г.
7. Дозвола, Уп1 бр.08-778 од 13.05.2015г. на Трговското радиодифузно друштво ТВ ШЕЊА ДООЕЛ Скопје, со важност на дозвола до 05.04.2024г.

**1.1.3 Дозволите за телевизиско емитување на државно ниво, преку сателит, и тоа:**

8. Дозвола, Уп1 бр.08-6 од 05.01.2015г. на Трговското радиодифузно друштво 24 ВЕСТИ ДООЕЛ Штип, со важност на дозвола до 04.01.2024г.
9. Дозвола, Уп1 бр.08-8 од 05.01.2015г. на Радиодифузното Друштво НАША ТВ ДООЕЛ Скопје, со важност на дозвола до 04.01.2024г.

**1.1.4 Дозволите за радиоемитување на државно ниво, преку радиофреквенции, и тоа:**

10. Дозвола, Уп1 бр.08-63 од 05.01.2015г. на Трговското Радиодифузно друштво РАДИО АНТЕНА 5 Петров, Јаневски и Гушев ДОО Скопје, со важност на дозвола до 04.01.2024г.
11. Дозвола, Уп1 бр.08-64 од 05.01.2015г. на Трговското радиодифузно друштво Радио КАНАЛ 77 ДООЕЛ Штип, со важност на дозвола до 04.01.2024г.
12. Дозвола, Уп1 бр.08-65 од 05.01.2015г. на Радиодифузното трговско друштво МЕТРОПОЛИС РАДИО ДОО Скопје, со важност на дозвола до 04.01.2024г.

## 1.2. На регионално ниво

**1.2.1. Дозволите за телевизиско емитување на регионално ниво, преку преносен капацитет на дигитален терестријален мултиплекс, со подрачја на емитување, и тоа:**

- **Подрачје за емитување, Д1-Црн Врв/Скопје:**

**13.** Дозвола, Уп1 бр.08-14 од 05.01.2015г. на Трговското радио дифузно друштво ТВ-ЕДО ДООЕЛ с.Љубин, Сарај, со важност на дозвола до 04.01.2024г.

**14.** Дозвола, Уп1 бр.08-15 од 05.01.2015г. на Трговското Радиодифузно друштво ТВ ЕРА ДООЕЛ Скопје, со важност на дозвола до 04.01.2024г.

**15.** Дозвола, Уп1 бр.08-16 од 05.01.2015г. на Трговското радиодифузно друштво ТВ МТМ ДООЕЛ Скопје, со важност на дозвола до 04.01.2024г.

**16.** Дозвола, Уп1 бр.08-18 од 05.01.2015г. на Трговското друштво за радио-дифузна дејност ТВ ШУТЕЛ ДООЕЛ Скопје, со важност на дозвола до 04.01.2024г.

- **Подрачје за емитување Д1 - Црн Врв/Велес:**

**17.** Дозвола, Уп1 бр.08-19 од 05.01.2015г. на Трговското радиодифузно друштво КТВ ДООЕЛ Кавадарци, со важност на дозвола до 04.01.2024г.

- **Подрачје за емитување Д8 – Попова Шапка:**

**18.** Дозвола, Уп1 бр.08-35 од 05.01.2015г. на Трговското радио дифузно друштво ТВ КОХА Меваип ДООЕЛ Тетово, со важност на дозвола до 04.01.2024г.

1.2.2. **Дозволите за телевизиско емитување на регионално ниво, преку јавна електронска комуникациска мрежа што не користи ограничен ресурс, со подрачја на емитување, и тоа:**

- **Подрачје за емитување Д5 – Пелистер:**

**19.** Дозвола, Уп1 бр.08-38 од 05.01.2015г. на Трговското радиодифузно друштво тв студио ТЕРА Манговски Зоран Битола ДООЕЛ, со важност на дозвола до 23.12.2023г.

- **Подрачје за емитување Д6 – Мали влај**

**20.** Дозвола, Уп1 бр.08-39 од 05.01.2015г. на Трговското радиодифузно друштво ТВ М Арнаудов Михајло Охрид ДООЕЛ, со важност на дозвола до 23.12.2023г.

- **Подрачје за емитување Д3 – Туртел**

**21.** Дозвола, Уп1 бр.08-817 од 03.06.2015г. на Трговското радиодифузно друштво ТВ-СТАР ДОО Штип, со важност на дозвола до 26.05.2024г.

- **Подрачје за емитување Д4 – Боскија**

**22.** Дозвола, Уп1 бр.08-816 од 03.06.2015г. на Трговското друштво за радиодифузија ТВ-КАНАЛ ВИС ДООЕЛ Струмица, со важност на дозвола до 26.05.2024г.

**23.** Дозвола, Уп1 бр.08-989 од 26.08.2015г. на Трговското радиодифузно друштво телевизија КОБРА ДОО Радовиш, со важност на дозвола до 19.08.2024г.

**1.2.3. Дозволите за радиоемитување на регионално ниво, преку радиофреквенции, со подрачје на емитување Скопје, и тоа:**

**24.** Дозвола, Уп1 бр.08-67 од 05.01.2015г. на Радиодифузното трговско друштво АРАЧИНА ДООЕЛ с.Арачиново, Арачиново, со важност на дозвола до 04.01.2024г.

**25.** Дозвола, Уп1 бр.08-68 од 05.01.2015г. на Трговското радиодифузно друштво БУБА МАРА Ранко ДООЕЛ Скопје, со важност на дозвола до 04.01.2024г.

**26.** Дозвола, Уп1 бр.08-69 од 05.01.2015г. на Трговското радиодифузно друштво РАДИО ВАТ ДОО Скопје, со важност на дозвола до 04.01.2024г.

**27.** Дозвола, Уп1 бр.08-70 од 05.01.2015г. на Трговското радиодифузно друштво РАДИО ЗОНА М-1 Светлана ДООЕЛ Скопје, со важност на дозвола до 04.01.2024г.

28. Дозвола, Уп1 бр.08-71 од 05.01.2015г. на Трговското радиодифузно друштво УРБАН ФМ РАДИО ДООЕЛ Скопје, со важност на дозвола до 04.01.2024г.

29. Дозвола, Уп1 бр.08-72 од 05.01.2015г. на Трговското радиодифузно друштво КЛУБ ФМ ДОО Скопје, со важност на дозвола до 04.01.2024г.

30. Дозвола, Уп1 бр.08-73 од 05.01.2015г. на Трговското радиодифузно друштво ЛАЈФ РАДИО ДООЕЛ Скопје, со важност на дозвола до 04.01.2024г.

31. Дозвола, Уп1 бр.08-74 од 05.01.2015г. на Радиодифузното трговско друштво РАДИО РОСА - АБ ДООЕЛ Скопје, со важност на дозвола до 04.01.2024г.

32. Дозвола, Уп1 бр.08-75 од 05.01.2015г. на Трговското радиодифузно друштво РФМ ДООЕЛ Скопје, со важност на дозвола до 04.01.2024г.

33. Дозвола, Уп1 бр.08-76 од 05.01.2015г. на Трговското радиодифузно друштво СИТИ РАДИО ДООЕЛ Скопје, со важност на дозвола до 04.01.2024г.

34. Дозвола, Уп1 бр.08-77 од 05.01.2015г. на Радиодифузното трговско друштво СКАЈ РАДИО Теодор ДООЕЛ-Скопје, со важност на дозвола до 04.01.2024г.

35. Дозвола, Уп1 бр.08-78 од 05.01.2015г. на Трговското радиодифузно друштво РАДИО ХИТ ФМ ДООЕЛ Скопје, со важност на дозвола до 04.01.2024г.

36. Дозвола, Уп1 бр.08-79 од 05.01.2015г. на ЕФ-ЕМ 90.3-СПОРТСКО РАДИО ДООЕЛ увоз-извоз Скопје, со важност на дозвола до 04.01.2024г.

37. Дозвола, Уп1 бр.08-80 од 05.01.2015г. на Република Северна Македонија - Универзитет „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ во Скопје, Непрофитна радиодифузна организациона единица УНИВЕРЗИТЕТСКО РАДИО СТУДЕНТ ФМ 92.9, со важност на дозвола до 04.01.2024г.

38. Дозвола, Уп1 бр.08-82 од 05.01.2015г. на Трговското радиодифузно друштво РАДИО ФОРТУНА Виолета ДООЕЛ Скопје, со важност на дозвола до 04.01.2024г.

39. Дозвола, Уп1 бр.08-83 од 05.01.2015г. на Трговското радиодифузно друштво ЏЕЗ ФМ Љупчо ДООЕЛ-Скопје, со важност на дозвола до 04.01.2024г.

### 1.3. На локално ниво

#### 1.3.1. Дозволите за телевизиско емитување на локално ниво, преку јавна електронска комуникациска мрежа што не користи ограничен ресурс, во следните подрачја на емитување, и тоа:

- **Општина Куманово, Општина Липково и Општина Старо Нагоричане**

40. Дозвола, Уп1 бр.08-41 од 05.01.2015г. на Трговското радиодифузно друштво ТВ КАНАЛ ФЕСТА ДООЕЛ Куманово, со важност на дозвола до 04.01.2024 г.

41. Дозвола, Уп1 бр.08-626 од 18.03.2015г. на Трговското радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА ПЛУС ДОО Куманово, со важност на дозвола до 16.02.2024г.

- **Општина Кочани, Општина Виница, Општина Чешиново-Облешево и Општина Зрновце**

42. Дозвола, Уп1 бр.08-44 од 05.01.2015г. на Трговското радио дифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА КОЧАНИ-ЛД ДООЕЛ Кочани, со важност на дозвола до 04.01.2024г.

43. Дозвола, Уп1 бр.08-45 од 05.01.2015г. на Трговското радио дифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА КАНАЛ 8 ДООЕЛ Кочани, со важност на дозвола до 04.01.2024г.

- **Општина Пробиштип и Општина Кратово**

44. Дозвола, Уп1 бр.08-46 од 05.01.2015г. на Трговското радиодифузно друштво ПРОТЕЛ ДООЕЛ Пробиштип, со важност на дозвола до 04.01.2024г.

- **Општина Велес, Општина Чашка и Општина Градско**

45. Дозвола, Уп1 бр.08-50 од 05.01.2015г. на Трговското радиодифузно друштво ТВ ЗДРАВКИН Ангелче Здравкин, ДООЕЛ,Велес, со важност на дозвола до 04.01.2024г.

➢ **Општина Свети Николе и Општина Лозово**

**46.** Дозвола, Уп1 бр.08-51 од 05.01.2015г. на Трговското радиодифузно друштво ТВ СВЕТ ДОО Свети Николе, со важност на дозвола до 04.01.2024г.

➢ **Општина Струга и Општина Вевчани**

**47.** Дозвола, Уп1 бр.08-55 од 05.01.2015г. на Трговското радиодифузно друштво Т.В. КАЛТРИНА Мазар Татеши, Струга ДООЕЛ, со важност на дозвола до 04.01.2024г.

**48.** Дозвола, Уп1 бр.08-56 од 05.01.2015г. на Трговското друштво за радиодифузна дејност СПЕКТРА, Општина Лабуништа ДООЕЛ, со важност на дозвола до 04.01.2024г.

➢ **Општина Дебар, Општина Центар Жупа, Општина Маврово и Ростуша**

**49.** Дозвола, Уп1 бр.08-57 од 05.01.2015г. на Трговското радиодифузно друштво ДИБРА ТВ ДООЕЛ Дебар, со важност на дозвола до 04.01.2024г.

➢ **Општина Кичево, Општина Пласница и Општина Македонски Брод**

**50.** Дозвола, Уп1 бр.08-58 од 05.01.2015 г. на Трговското радиодифузно друштво ТВ ГУРРА ДООЕЛ Кичево, со важност на дозвола до 04.01.2024 г.

➢ **Општина Гостивар, Општина Врапчиште и Општина Боговиње**

**51.** Дозвола, Уп1 бр.08-61 од 05.01.2015г. на Трговското радиодифузно друштво ТВ ДУЕ Назми ДООЕЛ Гостивар, со важност на дозвола до 04.01.2024г.

**52.** Дозвола, Уп1 бр.08-62 од 05.01.2015г. на Трговското Радиодифузно друштво Г-ТВ ТЕЛЕВИЗИЈА ДООЕЛ Гостивар, со важност на дозвола до 04.01.2024г.

1.3.2. **Дозволите за радиоемитување на локално ниво, преку радиофреквенции, во следните подрачја на емитување, и тоа:**

➢ **Општина Битола**

**53.** Дозвола, Уп1 бр.08-85 од 05.01.2015г. на Трговското радиодифузно друштво РАДИО 106 Битола ДООЕЛ, со важност на дозвола до 04.01.2024г.

**54.** Дозвола, Уп1 бр.08-87 од 05.01.2015г. на Трговското Радио-Дифузно Друштво Б-97 ДООЕЛ Битола, со важност на дозвола до 04.01.2024г.

**55.** Дозвола, Уп1 бр.08-89 од 05.01.2015г. на Република Северна Македонија - Универзитет „СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ" – Битола - Непрофитна радиодифузна установа УНИВЕРЗИТЕТСКО РАДИО УКЛО ФМ БИТОЛА, со важност на дозвола до 04.01.2024г.

➢ **Општина Валандово**

**56.** Дозвола, Уп1 бр.08-90 од 05.01.2015г. на Трговското радиодифузно друштво РАДИО ВАЛАНДОВО ДОО Валандово, со важност на дозвола до 04.01.2024г.

➢ **Општина Велес**

**57.** Дозвола, Уп1 бр.08-91 од 05.01.2015г. на Трговското радиодифузно друштво ГОЛДИ ДООЕЛ Велес, со важност на дозвола до 04.01.2024г.

**58.** Дозвола, Уп1 бр.08-92 од 05.01.2015г. на Трговското Радиодифузно друштво РАДИО МЕРАК 5 ФМ Љупчо и Владимир ДОО Велес, со важност на дозвола до 04.01.2024г.

➢ **Општина Виница**

**59.** Дозвола, Уп1 бр.08-93 од 05.01.2015г. на Трговското радиодифузно друштво РАДИО ЛА КОСТА ДООЕЛ Виница, со важност на дозвола до 04.01.2024г.

➢ **Општина Гостивар**

**60.** Дозвола, Уп1 бр.08-94 од 05.01.2015г. на Трговското радиодифузно друштво КОМЕТА 2000 Раде ДООЕЛ Гостивар, со важност на дозвола до 04.01.2024г.

61. Дозвола, Уп1 бр.08-95 од 05.01.2015г. на Трговското радиодифузно друштво РАДИО ПРО-ФМ ДОО Гостивар, со важност на дозвола до 04.01.2024г.

- Општина Гевгелија

62. Дозвола, Уп1 бр.08-96 од 05.01.2015г. на Трговското радиодифузно друштво РАДИО ТАЈМ Павле ДООЕЛ Гевгелија, со важност на дозвола до 04.01.2024г.

- Општина Делчево

63. Дозвола, Уп1 бр.08-98 од 05.01.2015г. на Трговското Радиодифузно друштво за радиоактивности РАДИО ЗОРА ДООЕЛ Делчево, со важност на дозвола до 04.01.2024г.

- Општина Кавадарци

64. Дозвола, Уп1 бр.08-100 од 05.01.2015г. на Трговското радиодифузно друштво ГАЛАКСИ-2002 ДООЕЛ Кавадарци, со важност на дозвола до 04.01.2024г.

65. Дозвола, Уп1 бр.08-101 од 05.01.2015г. на Трговското радиодифузно друштво РАДИО КАВАДАРЦИ ДООЕЛ Кавадарци, со важност на дозвола до 04.01.2024г.

- Општина Кичево

66. Дозвола, Уп1 бр.08-102 од 05.01.2015г. на Трговското радиодифузно друштво РАДИО АЛЕКСАНДАР МАКЕДОНСКИ Илија Таневски Кичево ДООЕЛ, со важност на дозвола до 04.01.2024г.

67. Дозвола, Уп1 бр.08-103 од 05.01.2015г. на Трговското радио-дифузно друштво РАДИО АКОРД ДООЕЛ Кичево, со важност на дозвола до 04.01.2024г.

68. Дозвола, Уп1 бр.08-104 од 05.01.2015г. на Трговското радиодифузно друштво РАДИО МЕДИСОН ДООЕЛ Кичево, со важност на дозвола до 04.01.2024г.

69. Дозвола, Уп1 бр.08-105 од 05.01.2015г. на Трговското друштво за радиодифузија РАДИО УСКАНА-ПЛУС увоз-извоз ДООЕЛ Кичево, со важност на дозвола до 04.01.2024г.

- Општина Кочани

70. Дозвола, Уп1 бр.08-106 од 05.01.2015г. на Радиодифузното трговско друштво РАДИО КОЧАНИ ФМ ДОО Кочани, со важност на дозвола до 04.01.2024г.

- Општина Куманово

71. Дозвола, Уп1 бр.08-110 од 05.01.2015г. на Трговското радиодифузно друштво РАДИО БУМ ДООЕЛ Куманово, со важност на дозвола до 04.01.2024г.

- Општина Неготино

72. Дозвола, Уп1 бр.08-111 од 05.01.2015г. на Трговското радиодифузно друштво РАДИО ПУЛС ДООЕЛ Кавадарци, со важност на дозвола до 04.01.2024г.

- Општина Охрид

73. Дозвола, Уп1 бр.08-115 од 05.01.2015г. на Друштвото со ограничена одговорност за радио-дифузија Митаноски Веле СУПЕР РАДИО Охрид ДООЕЛ, со важност на дозвола до 04.01.2024г.

- Општина Прилеп

74. Дозвола, Уп1 бр.08-117 од 05.01.2015г. на Трговското радиодифузно друштво РАДИО 5 ЧОКИ ДООЕЛ Прилеп, со важност на дозвола до 04.01.2024г.

75. Дозвола, Уп1 бр.08-118 од 05.01.2015г. на Радио дифузното трговско друштво МАПЕДИТО-РАДИО МЕФФ ДООЕЛ Прилеп, со важност на дозвола до 04.01.2024г.

76. Дозвола, Уп1 бр.08-119 од 05.01.2015г. на Трговското радиодифузно друштво ХОЛИДЕЈ Прилеп ДООЕЛ, со важност на дозвола до 04.01.2024г.

- **Општина Пробиштип**

**77.** Дозвола, Уп1 бр.08-120 од 05.01.2015г. на Друштвото за радиодифузна дејност, трговија и услуги ЕКО РАДИО ДООЕЛ Пробиштип, со важност на дозвола до 04.01.2024г.

- **Општина Свети Николе**

**78.** Дозвола, Уп1 бр.08-121 од 05.01.2015 г. на Трговското радиодифузно друштво МОДЕА ДООЕЛ Свети Николе, со важност на дозвола до 04.01.2024 г.

**79.** Дозвола, Уп1 бр.08-122 од 05.01.2015 г. на Трговското радиодифузно друштво РАДИО СВЕТИ НИКОЛЕ ДОО Свети Николе, со важност на дозвола до 04.01.2024 г.

- **Општина Струга**

**80.** Дозвола, Уп1 бр.08-125 од 05.01.2015г. на Друштвото за телекомуникации и радиодифузија ПЛЕЈ РАДИО Струга ДООЕЛ, со важност на дозвола до 04.01.2024г.

**81.** Дозвола, Уп1 бр.08-126 од 05.01.2015г. на Друштвото за вршење на радиодифузна дејност радио на локално ниво РАДИО РРАПИ Струга ДООЕЛ, со важност на дозвола до 04.01.2024г.

- **Општина Струмица**

**82.** Дозвола, Уп1 бр.08-127 од 05.01.2015г. на Трговското радио-дифузно друштво ЕКСПРЕС-РАДИО ДООЕЛ Струмица, со важност на дозвола до 04.01.2024г.

**83.** Дозвола, Уп1 бр.08-128 од 05.01.2015г. на Трговското радиодифузно друштво ХИТ РАДИО ДООЕЛ Струмица, со важност на дозвола до 04.01.2024г.

- **Општина Тетово**

**84.** Дозвола, Уп1 бр.08-129 од 05.01.2015г. на Трговското радиодифузно друштво БЛЕТА ДООЕЛ Тетово, со важност на дозвола до 04.01.2024г.

**85.** Дозвола, Уп1 бр.08-130 од 05.01.2015г. на Трговското радиодифузно друштво РАДИО КИСС ДООЕЛ Тетово, со важност на дозвола до 04.01.2024г.

**86.** Дозвола, Уп1 бр.08-131 од 05.01.2015г. на Трговското радио дифузно друштво ПЛУС ФОРТЕ ДООЕЛ Тетово, со важност на дозвола до 04.01.2024г.

**87.** Дозвола, Уп1 бр.08-132 од 05.01.2015г. на Трговското радио дифузно друштво РАДИО 7 ДООЕЛ Тетово, со важност на дозвола до 04.01.2024г.

**88.** Дозвола, Уп1 бр.08-133 од 05.01.2015г. на Трговското радиодифузно друштво РАДИО РЕД ФМ ДООЕЛ Тетово, со важност на дозвола до 04.01.2024г.

- **Општина Штип**

**89.** Дозвола, Уп1 бр.08-134 од 05.01.2015г. на Трговското радиодифузно друштво ЕНЏЕЛС ФМ ДООЕЛ Штип, со важност на дозвола до 04.01.2024г.

**90.** Дозвола, Уп1 бр.08-135 од 05.01.2015г. на Република Северна Македонија - Државен универзитет ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ Штип - Непрофитна радиодифузна установа УНИВЕРЗИТЕТСКО РАДИО УГД ФМ, со важност на дозвола до 04.01.2024г.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведената одлука да ја објави во „Службен весник на Република Северна Македонија" и на веб страницата на Агенцијата.

Одлуката да се достави до сите наведени радиодифузери.

**Точка 4**

Г-дин Трајчевски ја образложи Предлог-одлуката за давање согласност на ТРД ЈОН-РАДИО ДОО Струга за промена или дополнување на повеќе од 20% од програмскиот концепт од дозволата за радио емитување. Објасни дека согласно

Законот, на барање на радиодифузерите постои можност за промена на програмскиот концепт за повеќе од 20%. Во овој случај барањето е само да се дозволи дополнително медиумот да емитува програма и на турски јазик, освен на албански и македонски како што имаше досега согласно дозволата. Посочи дека со ова ќе се зголеми плурализмот и би било уште подобро доколку со ваквата промена се подобри не само програмската понуда туку и финансиската состојба на радиодифузерот.

Г-дин Фиданоски, во контекст на она што го кажал г-дин Трајчевски, рече дека ќе даде поддршка и со одобрувањето радиото ќе стане тријазично, што значи збогатување на плурализмот. Во таа насока ќе го одрази и амбиентот во кој функционира нашата држава односно општество. Верува дека ќе се збогати и програмската содржина на радиото и дека како што кажал директорот ќе успее и овој радиодифузер финансиски да биде поодржлив, постабилен и да може во целост да си го оствари програмскиот концепт.

Г-дин Трајчев рече од аспект на тоа што е дадено во материјалите во однос на збогатување на медиумскиот плурализам исто така ќе даде поддршка. Објасни дека во самите материјали по точката е спомената Студијата за оправданост за доделување на дозвола која претходи на доделувањето дозвола на овој радиодифузер и праша дали на било кој начин оваа Одлука која би ја донел Советот за промена на програмски концепт, која практично значи промена на критериумите за дозвола, а Законот дава таква можност за промена, би била во ред. Поради тоа што во самиот материјал е наведено дека има поврзаност со Студијата, побара подобро објаснување во оваа насока.

Г-дин Трајчевски објасни дека изработката на Студијата се однесување на тоа дали има потреба за доделување на дозвола за радио емитување на национално ниво. Во друг член од ЗААВМУ, изработката на Студијата не е поврзана со можноста за промена на програмскиот концепт бидејќи кога е изработена Студијата 2017-2018 година се покажало дека има потреба, а тогаш потребата била на македонски и албански јазик. Но, на овој начин со додавањето на уште еден јазик воопшто не се поништуваат резултатите од Студијата бидејќи се дозволува емитување на програма на плус уште еден јазик. Во Законот, без оглед дали станува збор за доделена дозвола за радио или телевизиско емитување по пат на јавен конкурс или без јавен конкурс, правото го имаат радиодифузерите да извршат промена на програмски концепт и тоа не може да им биде забрането освен ако со самата промена не се нарушува развојот на плурализмот.

Советот на Агенцијата едногласно го усвои Барањето на согласност за промена или дополнување на повеќе од 20% од програмскиот концепт од дозволата за радио емитување, поднесено од ТРД ЈОН-РАДИО ДОО Струга (наш број 03-2948/1 од 27.07.2023 година).

Советот на Агенцијата едногласно донесе Одлука за давање согласност за промена и дополнување на повеќе од 20% од Програмскиот концепт од дозволата за радио емитување, Уп1 бр.08-234 од 30.04.2019г. на Трговското радиодифузно друштво ЈОН-РАДИО ДОО Струга, во делот што се однесува на јазикот на емитување, односно покрај емитување програма на албански јазик и на македонски јазик, радиодифузерот да емитува програма и на турски јазик.

Горенаведената Одлука да се достави до ТРД ЈОН-РАДИО ДОО Струга.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведената одлука да ја објави на веб страницата на Агенцијата.

**Точка 5**

Раководителката на Секторот за програмски работи м-р Емилија Јаневска го образложи Предлогот за поведување прекршочна постапка против ТРД ТЕЛЕВИЗИЈА МАКПЕТРОЛ ДООЕЛ Скопје за прекршување на член 55 став 2 алинеи 2, 3 и 4 од ЗААВМУ. Објасни дека со контролниот надзор кој што беше направен на 13 јули оваа година беше констатирано дека не го отстранил прекршувањето на член 55 став 2 алинеи 2, 3 и 4 од ЗААВМУ, односно правилата за пласирање производи за што веќе му беше изречена мерка јавна опомена на 16 јуни 2023 година. Радиодифузерот ги отстрани прекршувањата во двете емисии кои што беа констатирани во Извештајот по кој што беше изречена мерката опомена, но со овој надзор е констатирано дека продолжува во друга емисија, и во премиерното и во репризното издание на емисијата „Backstage". Од овие причини, имајќи ги предвид законските одредби, се предлага за радиодифузерот да се покрене прекршочна постапка. Иако не е вообичаено, но радиодифузерот испрати појаснување во врска со објавениот Извештај на веб страницата по основ на констатираниот прекршок и извинување за направеното прекршување. Во дописот бара Советот да не поведе прекршочна постапка. Дополни дека дописот од ТВ Телма е составен дел на материјалот по точката.

Г-дин Петрушевски рече дека го прочитал извинувањето, но Советот има обврска согласно Законот и покрај тоа што е коректен медиумот ја признава грешката и се извинува, да гласа за поведување прекршочна постапка. Се изјасни дека ќе го поддржи предлогот во материјалите. Доколку сега се гласа поинаку, во тој случај нема да се постапува исто за сите радиодифузери, ќе се прави разлика што Советот тоа не може да си го дозволи.

Советот на Агенцијата го разгледа Писмениот извештај за извршен контролен програмски надзор бр.10-3044/1 од 01.08.2023 година на ТРД ТЕЛЕВИЗИЈА МАКПЕТРОЛ ДООЕЛ Скопје и утврди прекршување на член 55 став 2 алинеи 2, 3 и 4 од ЗААВМУ.

Советот едногласно заклучи против ТРД ТЕЛЕВИЗИЈА МАКПЕТРОЛ ДООЕЛ Скопје да се покрене прекршочна постапка пред надлежниот суд бидејќи со контролниот надзор е констатирано дека на 13 јули 2023 година, премиерата и репризата на „Backstage", забавното говорно-шоу, не беа соодветно обележани со пропишаната сигнализација за програма што содржи пласирање производи, а содржеа прилог што посебно промотивно го препорачува ресторанот „Queen Sunset Bar".

Секторот за правни работи и јавни набавки да изготви Барање за поведување прекршочна постапка пред надлежниот суд за наведениот радиодифузер.

**Точка 6**

Г-дин Петрушевски во однос на Предлог-решението за бришење од регистарот на радиодифузери на Трговското радиодифузно друштво телевизија ИРИС ДОО Штип, објасни дека беше одржана јавна седница за негово образложение на која што не присуствуваше. Но имаше барање и од самиот медиум да ја врати дозволата за телевизиско емитување.

Г-дин Трајчевски објасни дека ова е последица од постапката со која што беше одземена дозволата, а потоа со Закон е предвидено и одлука на Советот за бришење од регистарот на радиодифузери кој што го води Агенцијата. Како што се виде иако беше поканет на две јавни седници претставник од страна на ТВ Ирис не присуствуваше на ниедна. Оваа одлука е од формална природа.

Советот на Агенцијата едногласно донесе Решение за бришење од регистарот на радиодифузери на Трговското радиодифузно друштво телевизија ИРИС ДОО Штип.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното Решение да го објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“ и на веб страницата на Агенцијата.

Точка 7

Помошник раководителката на Секторот за правни работи и јавни набавки м-р Ивона Муфишева го образложи Предлогот за давање одобрување за спроведување на постапка за јавна набавка – услуга: Одржување Денови на медиумска писменост 2023. Објасни дека за оваа набавка Агенцијата има законска обврска во насока да ја поттикнува медиумската писменост во соработка со останатите релевантни чинители. Како еден од важните сегменти во исполнувањето на оваа обврска се Деновите на медиумска писменост чија што реализација е предвидена во Програмата за работа на Агенцијата за 2023 година. За да се реализира оваа услуга со соодветен квалитет неопходно е да се ангажира економски оператор кој што ќе го поседува потребниот кадар, опрема, контакти, знаење, искуство. Набавката ќе се спроведе со примена на поедноставена отворена постапка согласно одредбите од Законот за јавни набавки а вкупниот износ за реализација на овој договор изнесува 1.500.000,00 денари без вклучен ДДВ.

Г-дин Петрушевски рече дека ова е навистина битен настан за регулаторот и се изјасни дека ќе го поддржи предлогот како што е предложен во материјалите. Во однос на техничката спецификација рече дека таа заедно со деталите се во надлежност на службата и директорот и при тоа верува дека постапиле исправно.

Г-дин Трајчев рече дека Советот носи Одлука за утврдување на потреба за јавна набавка и се изјасни дека ќе ја поддржи. Но, принципиелно ќе укаже иако не е негова надлежност, како и секогаш така и сега, дека е против тој начин на бодување, односно соодност 75% на квалитет а 25% на цена.

Г-дин Фиданоски рече дека принципиелно се согласува дека кога се подготвуваат одредени јавни набавки од овој тип кои што се посензитивни и кои значат на некој начин обележје или бренд на Агенцијата треба да се направи дистинкција. Ова е традиционална манифестација што ја организира Агенцијата и многу значаен сегмент за целокупното медиумско живеење воопшто, затоа што сите знаат какво значење има медиумската писменост во сите општества. Рече дека дава поддршка за таквиот начин на бодување и праша како е дојдено соодносот да биде 75% квалитет со 25% цена.

Г-дин Трајчевски објасни дека Деновите на медиумска писменост се многу значајни и треба да има видливост, а не само да бидат организирани. Спроведувањето на јавна набавка во која што клучен елемент за избор на економски оператор би била цената може да доведе до ситуација да има негативна аукција на намалување на цената

а крајна штета на тоа да самите активности не само на Агенцијата туку и на сите учесници на Деновите на медиумска писменост не бидат соодветно видливо преставени во јавноста. Затоа оваа година се оди со квалитет а не цена.

Раководителката на Секторот за програмски работи м-р Емилија Јаневска објасни дека оваа година за прв пат се оди со изменет начин во однос на критериумите, односно предност му се дава на критериумот квалитет затоа што изминатите години на е-аукциите многу се намалуваше вредноста на набавката и потоа се добиваше намалена квалитативна вредност. Се добиваа минимум барањата што беа предвидени во техничката спецификација а ништо надвор од тие барања. Сега се направија повеќе консултации и со колегите и со Бирото за јавни набавки на кој начин да се даде предност на критериумот квалитет а сепак да биде објективна оценката на крајот. Во материјалите се гледа дека сега елементот квалитет се состои од три поделементи: изработка на целосен имиџ на Денови на медиумска писменост, оценка за тоа, а тој поделемент има разработка што сѐ се очекува, втор елемент е самата кампања за Денови на медиумска писменост која треба да биде и за радио и за телевизија и онлајн медиуми и третиот елемент е организација и реализација на еднодневна конференција која што ќе биде на почетокот од овој настан. Се надева дека со ова ќе се помогне оваа година да се добие посериозна понуда и поголем квалитет од страна на операторот што ќе биде одбран.

Г-дин Фидановски рече дека целосно е задоволен од одговорот, и смета дека сега на сите треба да им биде појасно зошто за вакви набавки, манифестации или настани треба да има соодност цена квалитет како што е сега предложен затоа што треба да се добие нешто што ќе значи презентација, преставување не само на Агенцијата туку воопшто на целата манифестација така како што треба и сите нејзини партиципиенти да бидат целосно задоволни дека земале учество во неа.

Советот на Агенцијата едногласно даде одобрување за спроведување на постапка за јавна набавка-услуга: Одржување Денови на медиумска писменост 2023.

Спроведувањето на постапката за јавна набавка за предметот-услуга: Одржување Денови на медиумска писменост 2023 е предвидено и е во согласност со Годишниот план за јавни набавки за 2023 година на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги бр.05-4766/1 од 23.12.2022 година, а средствата се обезбедени со Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2023-та година.

**Точка 8**

Помошник раководителката Муфишева го образложи Предлогот за давање одобрување за спроведување на постапка за јавна набавка – стока: Канцелариски материјали. Објасни дека ова е редовна набавка, а канцелариските материјали претставуваат основни средства за извршувањето на секојдневните работни обврски. Набавката ќе се спроведе како набавка од мала вредност а проценетата вредност е 305 илјади денари без вклучен ДДВ.

Советот на Агенцијата едногласно даде одобрување за спроведување на постапка за јавна набавка-стока: Канцелариски материјали.

Спроведувањето на постапката за јавна набавка за предметот-стока: Канцелариски материјали е предвидено и е во согласност со Годишниот план за јавни набавки за 2023 година на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги бр.05-4766/1 од 23.12.2022 година, а средствата се обезбедени со Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2023-та година.

Точка 9

Помошник раководителката Муфишева го образложи Предлогот за давање одобрување за спроведување на постапка за јавна набавка – услуга: Одржување и сервисирање на лифтови и платформа. Објасни дека набавката е за период од 2 години. Се однесува на три електрични патнички лифтови и една хидраулична платформа за возила кои што е потребно тековно да се одржуваат согласно позитивните законски прописи. Постапката ќе се спроведе со примена на поедноставена отворена постапка и ќе се спроведе како групна набавка бидејќи во оваа зграда се наоѓа и седиштето на Агенцијатата за млади и спорт. Проценетата вредност изнесува 844.000,00 денари за период од 2 години кои ќе се распределат на начин што 422.000,00 ќе бидат од Финансискиот план за 2023 година и 422.000,00 од Финансискиот план за 2024 година

Советот на Агенцијата едногласно даде одобрување за спроведување на постапка за јавна набавка-услуга: Одржување и сервисирање на лифтови и платформа, за период од 2 (две) години.

Спроведувањето на постапката за јавна набавка за предметот-услуга: Одржување и сервисирање на лифтови и платформа за период од 2 (две) години е предвидено и е во согласност со Годишниот план за јавни набавки за 2023 година на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги бр.05-4766/1 од 23.12.2022 година, а средствата се обезбедени со Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2023-та година, односно ќе бидат дообезбедени со Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2024-та година.

Точка 10

Помошник раководителката Муфишева го образложи Предлогот за давање одобрување за спроведување на постапка за јавна набавка – услуга: Одржување на дополнителниот модул на постојно апликативно решение „Систем за електронски регистар на јавни комуникациски мрежи“. Објасни дека оваа постапка ќе се спроведе со преговарање без да се објави оглас, затоа што изворниот код е во сопственост на носителот на набавката Трговско друштво за производство, промет и услуги „ГДи ГИСДАТА“ ДООЕЛ експорт-импорт Скопје. Вкупниот износ на средствата потребни за реализација се 59.500,00 денари без вклучен ДДВ. Посочи дека за оваа набавка добиено е позитивно мислење од Бирото за јавни набавки.

Советот на Агенцијата едногласно даде одобрување за спроведување на постапка за јавна набавка-услуга: Одржување на дополнителниот модул на постојно апликативно решение „Систем за електронски регистар на јавни комуникациски мрежи“.

Спроведувањето на постапката за јавна набавка за предметот-услуга: Одржување на дополнителниот модул на постојно апликативно решение „Систем за електронски регистар на јавни комуникациски мрежи“ е предвидено и е во согласност со Годишниот план за јавни набавки за 2023 година на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги бр.05-4766/1 од 23.12.2022 година, а средствата се обезбедени со Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2023-та година.

**Точка 11**

Раководителката на Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот – шеф на кабинет м-р Драгица Љубевска го образложи Предлогот за давање одобрување за донесување на одлука за набавка на услуга со проценета вредност под вредносни прагови за примена на Законот за јавни набавки. Објасни дека оваа услуга се однесува за изработка, одржување и хостирање на веб страница која ќе се однесува на Избори и медиуми. Потребата за оваа веб страница произлезе од Кодексот за однесување во онлајн просторот при изборни процеси и референдуми. Овој Кодекс беше изработен на иницијатива на АВМУ во соработка со Здружението на новинари, Македонскиот институт за медиуми, Советот за етика во медиумите на Македонија, Институтот за комуникациски студии и Фондацијата „Метаморфозис“, во рамки на проектот што Агенцијата го има со ОБСЕ/ОДИХР. Во рамките на Кодексот е предвидено да се формира координативно тело кое првенствено ќе биде составено од претставници на иницијаторите за изработка на Кодексот, а по потреба ќе може да се проширува и со други претставници. Целта на координативното тело ќе биде следење на почитувањето на начелата и стандардите кои што се утврдени во Кодексот. Меѓу другото во Кодексот е планирано да се формира и наменска електронска адреса и изработка на веб страница а обврската за изработка и одржување на оваа веб страница ја презеде Агенцијата. За да може набавката да се реализира, Агенцијата се обрати на неколку компании кои што изработуваат веб страници и добиени се три понуди. За Агенцијата е економски најисплатлива онаа понуда со најниска вредност односно понудата од 60.000,00 денари без вклучен ДДВ. Поради ова се предлага до Советот да даде одобрување за набавка на услугата - Изработка, одржување и хостирање на веб страницата „Избори и медиуми“.

Г-дин Ајдини рече начелно смета дека иницијативата е добра. Понатаму ќе се формира координативно тело кое ќе функционира за време на избори и референдуми кои се мошне важни. Во материјалите прочитал дека координативното тело ќе постапува и по однос на претставки, па праша дали тука улогата на Агенцијата е само техничка или се планира понатаму да биде активна и во други насоки?

Раководителката Љубевска објасни дека улогата на Агенцијата не е техничка, односно улогата на сите овие иницијатори е рамноправна и идејата е да се разгледуваат претставките добиени од граѓани или било кој друг кој што е засегнат и смета дека е несоодветно нечие однесување за време на избори и референдуми, дали на политички партии, дали на независни кандидати односно сите оние кои што на некој начин се вклучени во изборниот процес и имаат влијание. Ова координативно тело ќе ги разгледува претставките во зависност за кого се наменети, ако е за интернет медиуми тогаш ќе ги разгледува Советот за етика, ако се однесува на однесувањето на медиумски работник ќе се вклучи Здружението на новинари и евентуално Совет за

етика. Но сепак претставките се предмет на разгледување на целото координативно тело, но во зависност од содржината на претставката ќе го разгледува оној кој што е најсоодветен, ќе се одлучува заеднички за крајниот став и ќе се објави јавно на оваа веб страница.

Г-дин Фиданоски објасни дека во неколку фази од овој проект бил вклучен од страна на Агенцијата на негово задоволство и дека на некој начин помогнал во давање идеи за подготовка на етичкиот кодекс. Посочи дека идејата според него е обид сите актери во изборниот процес да се „натераат“ да има политичко витештво, фер политичка борба, да нема црна пропаганда, удари под маса и сето ова да биде преку ова координативно тело јасно, транспарентно, истакнато дека некој не игра според овие правила, иако овие правила се етички. Од тие причини смета дека целиот овој моментум и со координативното тело и со етичкиот кодекс е од големо значење за нашето општество, кое што во минатото, за жал, сите ние сме биле сведоци за какви се изборни кампањи, претежно црни, оцрнување на противникот или не коректни однесувања на негови колеги новинари кои што си ја преземале улогата да бидат политички актери иако не се директни и формални учесници. Верува дека ќе има успех и дава поддршка.

Г-дин Петрушевски рече ако се разгледа опсегот на кој што ќе делува ова тело се работи точно за онлајн простор. Ова тело нема да се занимава со класичните медиуми туку само со интернет портали, така пишува во образложението, има стеснет круг на делување. Појасни дека се работи за Кодекс на однесување во онлајн просторот за време на избори или референдуми и дека оваа веб страница е поддршка на тоа тело што ќе се формира.

Раководителката Љубевска објасни дека на традиционалните медиуми не се однесува, затоа што тоа е регулирано со Изборниот законик, но ќе се однесува на онлајн изданијата или интернет изданијата на радијата и телевизиите затоа што тие не се опфатени со Изборниот законик. Понуди да го достави до членовите на Советот Кодексот и Меморандумот за соработка за да се запознаат подетално со содржината.

Г-дин Трајчев рече дека сега подетално се запознал со оваа улога што на некој начин би ја имала Агенцијата во координативниот совет. Веројатно тоа е базирано на некаква правна основа, а гледа дека во ова се вклучени неколку чинители. Веројатно набавката на оваа веб страница е оправдана од аспект на трошење на средствата на Агенцијата, бидејќи со Закон се регулирани надлежностите на Советот и Агенцијата. Тука веројатно ќе даде одговор директорот дека тоа е така. Сакал да посочи дека сега Советот гласа за потребата и ако тоа е согласно Законот рече дека ќе гласа за давање согласност за потреба и трошење на тие средства. Укажа доколку Агенцијата презела таква одговорност да ја изработи таа веб страница и ја хостира, добро да се внимава на процесот на чинителот, договорите што ќе се склучат да бидат јасно обврзувачки затоа што се работи за еден краток период, период за време на избори. Кога би дошло до било какво не работење на таа страна, хакерски напад, проток на информации или слично може да направи голема штета на угледот на Агенцијата. Од тој аспект укажа да се побараат повеќе понуди, да се внимава на критериумите во договорите односно да се дефинира обврската на тој што ќе ја изработува таа веб страница, какви гаранции ќе даде за функционирањето, за безбедноста, за начинот на хостирање, за да сето тоа се изработи професионално. Тоа рече не е надлежност на Советот, но нивно е да укажат на одредени работи.

Г-дин Петрушевски објасни дека во материјалите има три понуди од кои најевтината се предлага за избор.

Г-дин Трајчевски објасни дека со последните измени на Законот АВМУ има надлежност и на онлајн просторот. Агенцијата вакви слични веб страници администрира повеќе, една од нив е и страницата на мрежата за Медиумска писменост а оваа пролет со Министерството за труд и социјална политика се промовира и Родот и медиумите. Бидејќи Агенцијата е државна институција има законски надлежности и не може да очекува од невладиниот сектор да ја преземе таа улога. Се очекува дека во иднина заради значењето и можноста што го нуди онлајн просторот се повеќе да ја користат учесниците во изборните процеси. Затоа во реализацијата на овој проект имаше поддршка односно се работи заедно со помош на ОБСЕ/ОДИХР и во првата или втората недела на октомври ќе има настан на кој што овој Кодекс ќе биде промовиран.

Г-дин Петрушевски рече дека според него ова е добра работа што се предлага и ќе даде поддршка. Во насока на она што го кажал директорот, рече убеден е дека како ќе минува секоја година онлајн медиумите ќе одземаат што поголем простор не само кон гласачите туку ќе одземаат и од финансискиот колач од изборите. Во таа насока оди идниот развој на медиумите а ова е некој преоден начин да и Агенцијата се прилагоди на тоа. Со последните измени на Законот полека и онлајн медиумите се префрлаат на Агенцијата. Секои промени се тешки. Во многу држави луѓето се осетливи на интернет и на онлајн медиумите и се прави отпор тоа никако да не се регулира. Ова сега што се предлага не е регулација, но е увид на тоа што се случува и можност некој ако направи како што кажал г-дин Фиданоски непринципиелни постапки, лажни вести, да може јавно да се укаже на веб страницата.

Г-дин Фиданоски рече дека има информации кои се релевантни. На пример во Велика Британија пред некоја година маркентишкиот колач претежнува на онлајн просторот во однос на традиционалните медиуми, не од сега туку од пред неколку години. Тој простор не е така тесен, има доволно простор и затоа покрај моментот на ингеренции со новите законски измени што ги презема Агенцијата како надлежно тело, треба да зборуваат и за поставување на вакви етички принципи во еден Кодекс кој што на почетокот ќе ги мотивира а потоа ќе ги принуди на некој начин учесниците дека би било не соодветно да не се почитуваат. Од тие причини е добро ваквиот проект да се реализира и да успее. Верува дека ќе се смогнат сили да биде успешен на крајот. Точно е тоа дека Агенцијата како институција споредбено со невладините има обврска и поголем капацитет иако има и милион други обврски за реализација, тоа да го спроведе во соработка со ОБСЕ/ОДИХР. Верува дека овој документ кој што е веќе во финална фаза, не само што е квалитетно изработен туку ќе биде и квалитетно спроведен.

Советот на Агенцијата едногласно даде одобрување директорот на Агенцијата да донесе одлука за набавка на услугата – Изработка, одржување и хостирање на веб страницата „Избори и медиуми“, со проценета вредност под вредносните прагови за примена на Законот за јавните набавки, во износ од 60.000,00 денари со вклучен ДДВ.

За реализирање на горенаведената услуга средствата се обезбедени со Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2023-та година.

Точка 12

Г-дин Трајчевски го образложи Предлог-правилникот за изменување на Правилникот за бруто плата и други надоместоци на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Објасни дека промената на правилникот се базира на потпишаниот договор помеѓу синдикатите и Владата за зголемување на бруто платата за 10%, почнувајќи од платата за месец септември. Агенцијата во нејзиниот финансиски план има предвидено средства и нема да има потреба од промена на Финансискиот план за да се реализира договорот што е потпишан помеѓу Владата и Синдикатот. Исто така објасни дека има барање и од синдикалната организација на Агенцијата кое е доставено и до Советот на Агенцијата.

Советот на Агенцијата едногласно го донесе Правилникот за изменување на Правилникот за бруто плата и други надоместоци на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, со текст како што беше предложен.

Секторот за правни работи и јавни набавки да изработи пречистен текст на Правилникот за бруто плата и други надоместоци на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Точка 13

Разно

Немаше дискусија под Разно.

Бр. 02-3115/12

29.08.2023 година

Скопје

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

**Претседател на Советот**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**